Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

[redacted]

ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул. Македонија 12/3
Скопје

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство

Бр. 02-14764/2
Дата: 24..01.2013 година

Аминта Трети 2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3124 298
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Предмет: Известување/Забелешки
Врска: Ваш допис бр.18-123/26 од 25.12.2012 година

04. 02. 2013
18 287/1

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт-Извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешноста на тема: *“Ефикасност во вршењето на работите и услугите од доделените концесии на дивечот во ловиштата во Република Македонија“*, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува за следното:

<u>Првично, категорично го отфрламе заклучокот во делот Резиме и текстот во редот 11.</u>

Имено, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е на став дека при процесот на доделување на концесија, избор на најповолен понудувач и склучување на договор за концесија на дивеч добиле само подобните понудувачи кои ги исполнуваат условите согласно закон и предвидените процедури во јавниот конкурс, факт кој може да се утврди при увид на целокупна документација за сите конкурси, која се наоѓа во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали концесионерите ги исполнуваат одредбите од законот и договорот за концесија во понатамошната фаза на концесискиот период, дали отпуштаат или не вработени (стручно лице или ловочувар) е друга проблематика. Надзор над спроведување на законот за ловството и договорите за концесија на дивечот врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство, кој при утврдени неправилности, меѓу другото може да даде предлог за раскинување на договор за концесија .

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Во однос на делот Резиме и текстот во редовите 7 и 8, а во врска со досега спроведените шест јавни конкурси согласно Законот за ловството ("Службен весник на РМ", бр. 26/2009, 82/2009, 136/2011), ве известуваме дека процедурата предвидува неколку постапки до конечност на Одлуката на Владата на Република Македонија за давање на дивечот на концесија, со која и почнува концесискиот период, со што и периодот за спроведување на истите е прилично долг.

Додека останатиот текст на Нацрт-Извештајот сосема реално ја прикажува состојбата на процесот на доделување на концесија на дивечот во Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во наредниот ќе спроведе мерки и активности за надминување на ситуацијата.
Состојбата со процесот на доделување на концесија на дивечот во Република Македонија констатирана во Извештајот е поврзано со неколку фактори кои влијаат на истата, од недостиг на човелчки ресурси кои треба да работата на проблематика, преку долгиот процес на усогласување со надлежните институции итн.

Со почит,

МИНИСТЕР
Љупчо Димовски

Изработил: Ј. Дика
Контролирал: м-р Ј. Здравковски
Одобрил: м-р В. Androidовски